Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Бр. 04 - 1068/11
06.08.2025

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - ОХРИД

НУ Завод и Музеј – Охрид, ул. „Боро Шаин" бр.10, П.Фах 95, 6000 Охрид, Република Северна Македонија, тел.046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, Музејска зграда Робевци – тел.046/267-173, e-mail: zimohrid@yahoo.com; жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 180100907578716

Врз основа на чл. 77-е и член чл.77-ж од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011: 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), член 11 од Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУ Завод и Музеј – Охрид донесен од страна на Управниот Одбор со број 02-218/1 од 24.02.2021 година, врз основа на член 13 став 2 алинеја 5,6, 20 од Статутот на Националната установа Завод за заштита на споменициte на културата и Музеј – Охрид (бр. 01-64/1 од 13.01.2016 година), Известувањето за обезбедени финансиски средства (согласност за вработување на кустос) од Министерството за финансии со бр 19-6916/2 од 08.07.2025 година како и Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 04/2025 за работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител бр. 04-1068/10 од 06.08.2025 година, Директорот на ден 06.08.2025 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за избор на кандидат по Јавен оглас бр. 04/2025 за работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител

По Јавен оглас бр. 04/2025 објавен од страна на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Охрид за вработување на 1 (еден) извршител, давател на услуга на неопределено работно време, на работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Атанас Кипро.

Изборот на кандидатот е извршен врз основа на Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 04/2025 за работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител бр. 04-1068/10 од 06.08.2025 година кој е доставен од Комисијата за вработување до Директорот на НУ Завод и Музеј - Охрид. Избраниот кандидат ќе заснова работен однос на неопределено време на работно место со назив на работното место со назив на работно место Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос со шифра на работно место КУЛ0304Д03002 во НУ Завод и Музеј - Охрид, со склучување Договор за вработување, кој ќе се склучи по конечноста на оваа Одлука.

За извршениот избор ќе бидат известени кандидатите по јавниот оглас бр. 04/2025 за работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на

археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб-страната на НУ Завод и Музеј - Охрид и на огласната табла во установата.

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Образложение

НУ Завод и Музеј – Охрид објави Јавен оглас бр. 04/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител и тоа на работно место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 . Рокот за доставување на пријавите за вработување со потребните документи изнесуваше 15 (петнаесет) дена сметано од денот на неговото објавување во дневните весници „Слободен Печат", „Вечер" и „Коха" како и на web страната на установата www.muzejohrid.mk.

Со Решение со бр. 04-979/6 од 01.08.2025 година беше формирана Комисија за постапка за вработување номинирана од Министерството за култура и туризам со Известување за номинирани членови на Комисија за постапка за вработување со број 40-6901/2.

На ден 01.08.2025 година, Комисијата за постапка за вработување изврши административна селекција на пристигнатите пријави по Јавниот оглас бр. 04/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител за работно место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 како прва фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од извршена административна селекција бр. 04-1068/1 од 01.08.2025 година.

На ден 06.08.2025 година, Комисијата за постапка за вработување спроведе интервју со кандидатите по Јавниот оглас бр. 04/2025 за вработување на неопределено време на 1 (еден) извршител за работно место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 како втора фаза од постапката за вработување и за истото до Директорот на установата достави Записник од спроведено интервју бр. 04-1068/9 од 06.08.2025 година со конечна ранг листа на кандидатите.

На ден 06.08.2025 година, Комисијата за постапка за вработување до Директорот на установата достави Предлог на кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 04/2025 за работното место под реден број 2.Работно место со назив Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002 - 1 (еден) извршител бр. 04-1068/10 од 06.08.2025 година, со кој на Директорот му предложи за работното место со назив на работно место Стручен соработник во заштитата на археолошкото културно наследство – за средновековна археологија, со звање на работно место кустос, со шифра КУЛ0304Д03002, да биде избран кандидатот Атанас Кипро, како прво рангиран кандидат.

Врз основа на сето горенаведено се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен Одбор на НУ Завод и Музеј - Охрид, во рок од 8 (осум) дена, од приемот на оваа одлука.**

Директор,

м-р Горан Патчев